**Официјални правила на наградната игра**
**“ЗА ЧИСТ И БЛЕСКАВ ДОМ!”**

**Организатор на наградната игра**
**Член 1**

Организатор на оваа наградна игра е “НЕЛТ СТ„дооел, на ул.32 бр. 20, нас. Илинден, 1041 Скопје, (во понатамошниот текст „Организатор“).

**Име, траење и цел на наградната игра**
**Член 2**

Името на наградната игра е **“ЗА ЧИСТ И БЛЕСКАВ ДОМ!”**
**Наградната игра ќе почне на 15*.06.2023* и ќе заврши на 15*.07.2023* година.**
Цел на наградната игра е рекламирање на производите од портфолиото на Проктер и Гембл (P&G) од брендовите на Ariel, Lenor, Fairy и Mr. Proper.
Во наградната игра учествуваат производи од брендовите Ariel, Lenor, Fairy и Mr. Proper.

**Член 3**

Наградната игра ќе се приредува во маркетите на Ангро-Маркетинг, Атва, Елида, Елкос, Футура, Грандпром Зур, Маркет Дијана, МКБ МИСА, Монтенегро, Астра, Рептил, Солун 53, Тамаро и ТД – ТД на територија на Република Северна Македонија.

**Правила за учество и начин на спроведување на наградната игра**
**Член 4**

Право на учество во наградната игра имаат сите лица кои се постари од 18 години, жители на Република Северна Македонија и ги прифаќаат условите на овие Правила.
Во времетраењето на наградната игра, учесникот треба да купи производи во вредност од минимум **499,00 денари** на една фискална сметка (согласно член 2 кои производи учествуваат во наградната игра) во продажните места на маркетите кои учествуваат во оваа наградна игра на територијата на Република Северна Македонија. Учесниците во наградната игра ги наведуваат/пишуваат своите лични податоци (име, презиме, адреса и контакт телефон) на фискалната сметка на која се купени производите и пополнетите фискални сметки со личните податоци (име, презиме, адреса и контакт телефон) учесниците во наградната игра може да ги достават во кутијата наменета за извлекување (означена, избрендирана кутија), која ќе биде поставена во секое продажно место на маркетите кои учествуваат во оваа наградна игра.

Учесниците во наградната игра ќе можат да ги остават фискалните сметки заедно со своите лични податоци во кутијата наменета за извлекување најдоцна до 15 јули 2023 година, по што истата ќе биде затворена се до почетокот на извлекувањето. Со учеството во наградната игра, Учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.
Вработените кај Организаторот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства (син/ќерка, родители, брат/сестра или брачен другар) немаат право да учествуваат во наградната игра.

**Член 5**
**Извлекување на наградите и објавување на добитниците**

5.1 Извлекувањето на добитниците на наградите ќе се изврши на 10.08.2023 година – во просториите на НЕЛТ СТ, Скопје со почеток во 13:00 часот.

На денот на извлекувањето кутиите од сите маркети ќе се достават во наведениот обкјект и ќе се истурат во една поголема кутија наменета за извлекување. Извлекувањето ќе се врши рачно од кутијата во која се внесени купоните, од страна на лице определено од страна на организаторот.

Ќе биде организирано едно извлекување и ќе биде извлечен по еден добитник за секоја награда. Исто така ќе бидат извлечени за секоја награда по еден резервен добитник.
Добитниците ќе бидат информирани за наградите на телефонскиот број кој го имаат наведено на купоните. Во случај да не може да се стапи во контакт со добитникот на наградата или истиот не може да се потврди како валиден добитник, резервниот добитник ќе се земе во предвид како добитник.

5.2 За да може да се подигне наградата, добитникот мора да приложи лична карта/пасош.

5.3 Организаторот нема да сноси никаква одговорност за купоните со наведените лични податоци што не ги содржат потребните информации и истите нема да бидат земени во предвид како валидни.

5.4 Извлекувањето на добитникот на наградата ќе го контролира комисија составена од три члена: двајца овластени претставници на НЕЛТ СТ, дооел Скопје и нотар. Комисијата води записник во текот на извлекувањето.

5.5 Имињата на добитниците ќе бидат објавени во рок од три дена од денот на извлекувањето, на интернет страницата www.nelt.com/mk, откако ќе се провери дека добитниците ги почитувале сите правила на наградната игра. Секој добитник ќе биде контактиран од страна на организаторот на доставениот телефонски број.

**Член 6**

Целосната сума на наградниот фонд изнесува **663.608,40денари** со вклучен ДДВ. Вкупниот број на награди е: 28. Организаторот е обврзан да не дава дополнително награди од било кој вид. Добиените награди не можат да се заменат за пари или друг вид на награда. Наградниот фонд се состои од следниве награди.

| **Име и вид на награда** | **Количина** | **Цена на индивидуални награди без ДДВ** | **Цена на награди со ДДВ** | **Целосна цена на награди со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|
| Машина за перење алишта | 14 | 21.630,00 | 25.523,40 | 357.327,60 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Машина за перење садови | 14 | 18.540,00 | 21.877,20 | 306.280,80 |
| **ВКУПЕН ИЗНОС НА НАГРАДИ** | | | | **663.608,40** |

**Информирање на учесниците**
**Член 7**

Учесниците во наградната игра ќе бидат информирани за правилата, наградниот фонд и условите за учество, на интернет страницата www.nelt.com/mk и преку промотивни материјали.

**Доделување на наградите**
**Член 8**

Наградите ќе се доставуваат на домашна адреса по претходен договор со добитниците.

За верификација на добитници, Организаторот или неговите претставници, мора да потврдат дека добитникот ги почитувал сите правила на наградната игра.
Подигнувањето на наградите ќе биде дозволено во рок од 30 дена по нивното објавување. Доколку останат награди, што може да биде последица на недоволен интерес на учесници или неочекуван прекин на наградната игра, тие награди остануваат во сопственост на Организаторот.

**Член 9**

Согласно Правилата, Организаторот има право да провери дали се исполнети потребните услови за учество и дали учесникот може да ја прими наградата.

По предавањето на наградата, Организаторот нема понатамошни одговорности кон добитникот, во врска со користењето на добиената награда. Организаторот, по предавањето на наградата, не е одговорен и нема да подмири никакви трошоци, како и други трошоци кои Организаторот не ги има прифатено во Правилата или во потпишаниот договор со добитникот, ниту за било какви потешкотии при подигнување на наградата или употреба на истата од страна на добитникот.
Резултатите за добитниците се конечни и тие во ниту еден случај не можат да бидат заменети за пари.

**Договор за обработка на личните податоци**
**Член 10**

Учесниците во наградната игра, со учество во истата, се сложуваат дека Организаторот смее да ги користи нивните лични информации кои ги добиле за потребите на наградната игра без временско или територијално ограничување. Со внесување на личните информации, секој учесник му

дозволува на Организаторот да ги употребува истите за потребите на наградната игра. Организаторот нема да ги употребува личните информации за никоја друга цел, освен за потребите на наградната игра. Сите лични информации за учесниците и добитниците на наградната игра, ќе бидат употребени само согласно законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ Република Македонија "број 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016).

**Даноци**
**Член 11**

Даноците за игрите на среќа се на товар на Организаторот, како што наложува законот. Организаторот гарантира дека предавањето на наградите ќе биде согласно со Правилата.

**Прекинување на наградната игра**
**Член 12**

Приредувачот на игрите на среќа може да го прекине спроведувањето на играта на среќа во случај на виша сила или технички дефект (престанок на струја и слично) и тоа во периодот потребен за отстранување на последиците од вишата сила, односно техничкиот дефект.
За прекинот од ставот (1) на овој член одлучува Министерството за финансии, по доставено и образложено барање од страна на приредувачот на игрите на среќа. Приредувачот на игрите на среќа е должен да го извести Министерството за финансии без одлагање за престанувањето на причините за прекинот

**Поднесување приговор**
**Член 13**

Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците на следната адреса: 32 бр. 20, нас. Илинден, 1041, Скопје.
Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

**Објавување на правилата**
**Член 14**

Согласно законот, правилата за наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата www.nelt.com/mk по добивање на согласност од страна на Министерството за Финансии, а пред нејзиниот почеток.

**Прифаќање на правилата и овластувањата во случај на спор**
**Член 15**

Со учество во наградната игра, секој учесник се сложува дека ќе ги почитува претходно наведените правила и услови. Доколку се случи несакан спор меѓу Организаторот и учесникот во наградната игра, тој ќе биде решен по договор, но доколку не се достигне заемен договор, спорот меѓу Организаторот и учесникот ќе биде решен на судски спор во суд во Скопје.

Организатор

___________________